Во согласност со одредбите на членот 19,став 1, алинеа 14;членовите 22-а, 22-б и 22-в од Законот за ревизија (Службен весник на РМ бр. 158/2010; 135/2011; 50/2012; 188/2013; 43/2014; 138/2014; 145/2015; 192/2015 и 23/2016) и член 25 од Статутот на ИОРРМ, Управниот одбор на ИОРРМ на својата седница одржана на 09.05.2018 година го донесе следниот

# *ПРАВИЛНИК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЧЛЕНАРИНА ОД СТРАНА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ИОРРМ, РОКОВИТЕ ЗА УПЛАТА И НАДЗОР*

## *Општи одредби*

Член1

1) За потребите на изршување на своите јавни овластувања, ИОРРМ се финансира, освен од останати извори, и од членарина добиена од страна на своето членство.

Член 2

1) Со овој Правилник се утврдуваат лицата кои се обврзани да плаќаат членарина, износот на членарината, рокот за уплата и надзор на извршување на обврската за уплата на членарината.

## *Обврзник за плаќање членарина*

Член 3

1) Обврзник за плаќање членарина е ревизор кој врз основ на Член 30.2 од Законот за ревизија е запишан во Регистерот на ревизори на ИОРРМ;
2) Обврзник за плаќање членарина е овластениот ревизор кој врз основ на Член 30.3 од Законот за ревизија е запишан во Регистерот на овластени ревизори на ИОРРМ;
3) Обврзник за плаќање членарина е друштво за ревизија кое врз основ на Член 30.4 од Законот за ревизија е запишан во Регистерот на друштва за ревизија на ИОРРМ;
4) Обврзник за плаќање членарина е овластен ревизор-трговец поединец кој врз основ на Член 30.4 од Законот за ревизија е запишан во Регистерот на овластени ревизори-трговци поединци на ИОРРМ;

### *Период за плаќање на членарината*

Член 4

1) Обврската за плаќање на членарина за ревизорите и овластените ревизори, наведени во претходниот член, почнува од денот на упис во регистерот на ревизори и регистерот на овластени ревизори на ИОРРМ, а се уплатува најдоцна до 31 март.

Член 5

1) Обврската за плаќање на членарина за друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци започнува од денот на упис во соодветниот регистар а се уплатува најдоцна до 31 март.

Член 6

1) Обврската за плаќање на членарина престанува со бришење од регистерот на ревизори односно регистерот на овластени ревизори.
2) Обврската за плаќање на членарина престанува со бришење од регистерот на друрштва за ревизија и овластени ревизори – трговци поединци.

### *Висина на членарината*

Член 7

1) Висината на членарината која ја плаќаат ревизорите и овластените ревизори се утврдува со Тарифникот на ИОРРМ.

Член 8

1) Друштвата за ревизија, овластените ревизори – трговци поединци, другите друштва и институции, можат да ја плаќаат членарината за своите вработени ревизори и овластени ревизори.

Член 9

1) Висината на членарина која ја плаќаат друштвата за ревизија и овластените ревизори-трговци поединци изнесува процент од остварените вкупни приходи во претходната фискална година утврдена со Тарифникот на ИОРРМ.

### *Начин на плаќање на членарината*

Член 10

1) Членарината наведена во овој Правилник, постојните членови на ИОРРМ (ревизори и овластени ревизори) се должни да ја уплатат еднократно, најдоцна до 31 март за тековната година.
2) Новите членови- ревизори и овластени ревизори , се должни членарината да ја уплатат на денот на упис во регистерот на ревизори односно регистерот

на овластени ревизори, но најдоцна 15 дена од писменото известување дека ги исполнува условите за упис во односниот регистер.

Член 11

1) Членарината наведена во овој Правилник, постојните членови на ИОРРМ (друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци ) се должни да ја уплатат еднократно, најдоцна до 31 март за тековната година.

2) Новите членови - друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци, се должни членарината во висина еднаква на процент од вкупни приходи остварени од денот на упис во соодветниот регистар до крајот на фискалната година, да го уплатат еднократно, најдоцна до 31 март тековната година.

***Изјава на членовите***

Член 12

1) Постојаните и новите членови на ИОРРМ ревизори и овластени ревизори , се должни да потпишат писмена изјава со која се обврзуваат, дека по поднесено барање за прекинување на членството во ИОРРМ (заминување во пензија или друга причина), претходно ќе ги подмират доспеаните обврски за членарина, односно, дека во спротивно, против нив ќе биде покрената постапка за наплата на долгот.

Член 13

1) Постојаните и новите членови на ИОРРМ друштва за ревизија и овластени ревизори-трговци поединци, се должни да потпишат писмена изјава со која се обврзуваат, дека во случај на прекинување на членството во ИОРРМ по поднесено барање за престанок на работа на друштвото за ревизија или овластениот ревизор - трговец поединец, претходно ќе ги подмират доспеаните обврски, и дека во спротивно против нив ќе биде покрената постапка за наплата на долгот.
2) При престанок на работа на друштвото за ревизија или овластениот ревизор – трговец поединец, истите се должни да платат членарина која изнесува 1% од вкупно остварените приходи во тековната година до моментот на престанокот на вршење на дејноста.

***Ослободување од обврската за плаќање членарина***

Член 14

1) Од обврската за плаќање членарина се ослободени ревизори/овластени ревизори кои се здобиле со статус на почесни членови на ИОРРМ.

Член 15

1) Од обврската за плаќање членарина  се ослободени  ревизори/овластени ревизори кои се во работен однос во ИОРРМ.

***Надзор***

Член 16

1) Надзорот за навремена уплата на членарината ја врши стручната служба на ИОРРМ.

2) Стручната служба во рок од 30 дена од крајниот датум утврден за уплата на членарината, доставува известување до Управниот одбор и Дисциплинската комисија на   ИОРРМ.

Член 18

1) Против ревизорот, овластениот ревизор, друштво за ревизија и овластениот ревизор – трговец поединец  кој не ги извршил своите законски обврски во однос на уплата на членарината, се покренува постапка во согласност со Правилникот за за начинот и постапката за утврдување на повредите и за дисциплинските мерки на членовите на ИОРРМ.

Член 19

1) Овој Правилник влегува во сила од 09.05.2018 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ИОРРМ,

Борислав Атанасовски